ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

А Н А Л И З А

за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и на буџетите на ЈЗУ во 2012 година

јануари, 2013 година

Вовед

Фондот за здравствено осигурување на Македонија е основан согласно Законот за здравствено осигурување (Службен весник на РМ 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003 , 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 19/2011, 53/2011, 26/2012 и 65/2012) како самостојна финансиска институција со права и обврски за спроведување на задолжителното здравствено осигурување на територијата на Република Македонија.

Фондот врши дејност од јавен интерес и врши јавни овластувања утврдени со Законот за здравствено осигурување.

Со Законот за здравствено осигурување на Фондот му се дадени права, обврски и одговорности да ги планира и прибира средствата од придонесот за задолжително здравствено осигурување, со општи акти поблиску да го утврдува начинот на остварување на правата и обврските на осигурените лица, да ги плаќа здравствените услуги и парични надоместоци, да превзема мерки за ефикасно, ефективно и економично користење на средствата, како и други права и обврски од задолжителното здравствено осигурување.

Согласно членот 69-а од Законот за здравствено осигурување (Службен весник на РМ бр.65/2012 пречистен текст), Акциониот план на ФЗОМ (Рамка Ф) и Процедурите за изготвување, извршување и известување на Буџетот на Фондот и за буџетите на јавните здравствени установи, Фондот изготвува редовни месечни извештаи за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и извршените трансфери до ЈЗУ, а јавните здравствени установи изготвуваат редовни месечни и квартални извештаи за реализација на средствата пренесени од Буџетот на Фондот.

Месечните извештаи здравствените установи ги доставуваат до Министерството за здравство и до Фондот, а Фондот изготвува збирни извештаи кои ги доставува до Министерството за здравство, Министерството за финансии и до УО на Фондот и ги објавува на својата веб страница.

Месечните извештаи за Фондот и за ЈЗУ се изготвуваат врз база на утврдените обрасци.

Во 2005 година врз основа на овие обрасци се започна со известување на буџетска основа за финансиското работење на Фондот и седум пилот јавни здравствени установи.

Во 2006 година месечни извештаи доставуваат сите јавни здравствени установи.

Фондот изготвува квартални извештаи со анализа за структурата и движењето на наплатените приходи и исплатените средства за расходи кај Фондот и кај ЈЗУ, потоа за дозначените средства од Фондот до здравствените установи, за потрошените лекови и медицински материјали кај ЈЗУ, за вкупните обврски и нивната достасаност за плаќање, за состојбата на залихите кај ЈЗУ и друго.

Анализата на финансиските податоци за Фондот и ЈЗУ се доставува на користење на Министерството за здравство и Министерството за финансии и се објавува на веб страницата на Фондот за здравствено осигурување.

РЕЗИМЕ:

ПРИХОДИ НА ФЗОМ

Во 2012 година Фондот за здравствено осигурување на Македонија заедно со пренесениот вишок на приходи од претходната година, оствари вкупни приходи во износ од 21.548.151 илјади денари кои во однос на планот за истиот период се помалку остварени за 2,4%. Анализирано поединечно по видови на приходи, приходите во 2012 година се остварени под планираните, со исклучок на неданочните приходи и трансферите од МЗ кои се остварени над планираното за истиот период

Структурата на приходите е следната:

даночни приходи- приходи од придонеси од бруто плати и надоместоци	54,08 %
-приходи од придонеси од корисници на пензии	22,27 %
-трансфери од Буџетот на РМ	9,45 %
-тековни трансфери од Министерство за здравство	9,71 %
-неданочни приходи (партиципација, конвенции и останати)	2,3 %
-придонеси на корисници на права од социјална заштита	0,68 %
-приходи од Агенцијата за вработување	0,88 %
-пренесен вишок на приходи од претходната година	0,64 %

РАСХОДИ НА ФЗОМ

Во 2012 година Фондот за здравствено осигурување на Македонија оствари вкупни расходи во износ од 21.436.410 илјади денари кои во однос на годишниот план имаат процент на остварување од 97,06%

Структурата на расходите е следната:

-здравствени услуги	88,34%
-надоместоци	9,34%
-адинистративни (фунционални) расходи	2,32%

МЕСЕЧЕН НАДОМЕСТОК ОД ФЗОМ ДО ЈЗУ

Заклучно со 31.12.2012 година одобрениот износ на средства на јавните здравствени установи за извршени здравствени услуги средства е во висина од 12.287.428.203 денари, односно 100% од вкупните договорни надоместоци на ЈЗУ за 2012 година.

ПРИХОДИ НА ЈЗУ

Во 2012 години ЈЗУ остариле вкупни приходи во износ од 14.564.653 илјади денари од кои: приходи од ФЗОМ (84,36%), сопствени приходи (15,32%) и приходи од донации (0,32%).

РАСХОДИ НА ЈЗУ

Вкупните платени средства за расходи на ЈЗУ за 2012 година изнесуваат 14.524.599 илјади денари. Структурата на платените средства за расходи е следната:

-плати и надоместоци	49,62%
-материјали и ситен инвентар	29,72%
-комунални услуги, греење, комуникација и транспорт	8,61%
-останати расходи	12,05%

ПОТРОШЕНИ СРЕДСТВА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ МАТЕРИЈАЛИ

Во 2012 година потрошените средства за лекови и медицински материјали изнесуваат 3.944.995 илјади денари. Потрошените средства за лекови и медицински материјали споредени со 2011 година (износ 3.808.538 илјади денари) бележат зголемување од 3.6%.

ОБВРСКИ НА ЈЗУ

Вкупните обврски на Јавните здравствени установи на 31.12.2012 година изнесуваат 3.478.677 илјади денари, кои споредени со состојбата на 31.12.2011 година (износ 2.878.764 илјади денари) се зголемени за 20,8%.

ДОЛГОВИ НА ЈЗУ

Вкупните долгови на ЈЗУ на 31.12.2012 година изнесуваат 2.109.483 илјади денари и во споредба со состојбата од 31.01.2012 (износ 1.456.421 илјади денари) бележат зголемување од 44.8%.

Најголемо намалување на долговите во месец декември во однос на состојбата во м.ноември има кај следните ЈЗУ:

Завод за нефрологија-Струга	*-6.152*	*илјади денари*
ЈЗУ Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство	*-3.552*	*илјади денари*
ЈЗУ Универзитетска клиника за урологија	*-3.474*	*илјади денари*

Најголем пораст на долговите споредбено во м.декември во однос на м.ноември има во следните ЈЗУ:

Институт за трансфузиона медицина на РМ	*12.939*	*илјади денари*
ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија	*27.033*	*илјади денари*
Градска болница 8-ми септември-Скопје	*30.256*	*илјади денари*

Финансиски податоци на Фондот

1. Приходи на Фондот

Остварени вкупни приходи

Во 2012 година во Фондот заедно со пренесениот вишок на приходи од претходната година се остварени приходи во износ од 21.548.150 илјади денари, што преставува просечен месечен приход во износ од 1.795.679 илјади денари. Остварените приходи во 2012 година споредени со остварените приходи во 2011 година (износ 21.104.219 илјади денари) бележат зголемување од 2,1%.

Планирани приходи

Планираните вкупни приходи за 2012 година изнесуваат 22.085.000 илјади денари или просечно месечно 1.840.417 илјада денари. Во споредба со планираните за истиот период, остварените приходи се помали за 2,4%.

Вкупни приходи 2012/2011

Опис	Остварено 2011	Буџет 2012 година	Остварено 2012	% на остварени приходи 2012/2011	% на остварени приходи во 2012 во однос на буџетот 2012 година
Вкупен приход	21.104.219.424	22.085.000.000	21.548.150.550	102,10%	97,57%

Графички приказ на вкупни приходи 2011/2012 година



Движење на вкупните приходи во 2012 година (во илјада денари)


месец	план	остварено	% на остварување
јануари	1.606.707	1.759.943	109,54%
февруари	1.798.364	1.798.108	99,99%
март	1.877.294	1.828.972	97,43%
април	1.922.328	1.824.572	94,91%
мај	1.767.608	1.776.266	100,49%
јуни	1.831.578	1.730.869	94,50%
јули	1.908.175	1.751.651	91,80%
август	1.767.272	1.781.078	100,78%
септември	1.843.653	1.731.315	93,91%
октомври	1.811.594	1.829.245	100,97%
ноември	1.868.955	1.836.795	98,28%
декември	2.081.472	1.899.337	91,25%
вкупно	22.085.000	21.548.151	97,57%

Анализирано поединечно по видови на приходи, приходите во 2012 година се остварени под планираните, со исклучок на неданочните приходи и трансферите од МЗ кои се остварени над планираното за истиот период.

Структура на остварени приходи во 2012 година

приход	Остварено 2011 година	Буџет 2012 година	Остварено 2012 година	% на остварување во однос на буџетот 2012 година	% на остварување 2012/2011	% на учество во вкупните приходи
ДАНОЧНИ ПРИХОДИ	**11.170.147.353**	**12.312.127.000**	**11.653.556.824**	**94,65%**	**104,33%**	**54,08%**
Придонеси од бруто плати и надоместоци	11.170.147.353	12.312.127.000	11.653.556.824	94,65%	104,33%	54,08%
НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ	609.225.666	450.000.000	494.613.316	109,91%	81,19%	2,30%
Приходи од партиципација	329.022.443	300.000.000	335.912.043	111,97%	102,09%	1,56%
Останати неданочни приходи	233.169.298	80.000.000	84.136.219	105,17%	36,08%	0,39%
Приходи по конвенции	47.033.925	70.000.000	74.565.054	106,52%	158,53%	0,35%
ТРАНСФЕРИ ОД ДРУГИ НИВОА НА ВЛАСТ	9.324.846.405	9.322.873.000	9.399.980.410	100,83%	100,81%	43,62%
ТРАНСФЕРИ ОД БУЏЕТИТЕ НА ФОНДОВИТЕ	5.310.291.966	5.195.873.000	5.135.878.794	98,85%	96,72%	23,83%
Придонеси ПИОМ	4.524.345.469	4.855.000.000	4.798.841.879	98,84%	106,07%	22,27%
Придонеси за невработени лица	662.717.110	195.000.000	190.456.676	97,67%	28,74%	0,88%
Придонеси на корисници на права од социјална заштита	123.229.387	145.873.000	146.580.239	100,48%	118,95%	0,68%
Тековни трансфери од Министерство за здравство	307.485.674	1.963.000.000	2.091.394.687	106,54%	680,16%	9,71%
Трансфери од буџет на РМ	3.584.926.672	2.164.000.000	2.035.605.313	94,07%	56,78%	9,45%
Пренесен вишок на приходи од претходната година	122.142.093		137.101.616		112,25%	0,64%
ВКУПНО ПРИХОДИ:	**21.104.219.424**	**22.085.000.000**	**21.548.150.550**	97,57%	102,10%	100,00%

Графички приказ на структурата на остварените приходи во 2012 година



1. Приходи од придонеси од бруто плати на вработените

Во структурата на приходи од придонеси од бруто плати на вработените се вклучени:

- придонеси од задолжително здравствено осигурување од бруто плати на вработените кај правните субјекти;
- придонеси за задолжително здравствено осигурување на лица кои вршат самостојна дејност;
- придонеси од задолжително здравствено осигурување на лица кои се занимаават со земјоделство, сточарство, живинарство, пчеларство или риболов;
- придонес за задолжително здравствено осигурување на други осигуреници;
- дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување во случај на повреда на работа и професионално заболување;
- придонес за здравствено осигурување за изминати години


Овие приходи учествуваат со 54,08% во структурата на вкупните приходи остварени во 2012 година.

Во 2012 година, приходите од придонеси од бруто плати на вработените се остварени во износ од 11.653.557 илјади денари и се со процент на остварување од 94,65% во однос на годишниот план.

Овие приходи споредени со 2011 година бележат зголемување од 4,33%.

Динамиката на остварување на овие приходи по месеци во 2012 година е нерамномерна и е под планираното за истиот период за 5,35%.

Графички приказ на планирани и остварени приходи од придонеси од бруто плати и надоместоци во 2012 година




2. НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ

Во структурата на други неданочни приходи се вклучени:
- приходи од наплатена партиципација
- приходи по конвенции
- и други неданочни приходи

приход	Остварено 2011 година	2012 година			% на остварување 2012/2011	% на учество
		Планирано	Остварено	% на остварување		
Приходи од партиципација	329.022.443	300.000.000	335.912.043	111,97%	102,09%	67,91%
Останати неданочни приходи	233.169.298	80.000.000	84.136.219	105,17%	36,08%	17,01%
Приходи по конвенции	47.033.925	70.000.000	74.565.054	106,52%	158,53%	15,08%
Вкупно	609.225.666	450.000.000	494.613.316	109,91%	81,19%	100,00%

Овие приходи учествуваат со 2,3% во структурата на вкупните приходи остварени во 2012 година.
Во 2012 година овие приходи се остварени во износ од 494.613 илјади денари и во однос на годишниот план се повеќе остварени за 10% .
Овие приходи споредени со 2011 година бележат намалување од 18,8%, што е резултат на помалку остварените останати неданочни приходи.
Во 2012 година приходите од партиципација се остварени во износ од 335.912 илјади денари и имаат индекс на остварување 105,18 во однос на годишниот план.
Останатите неданочни приходи во 2012 година се остварени во износ од 84.136 илјади денари и во однос на годишниот план имаат процент на остварување од 36,08%.
Динамиката на месечното остварување на оваа група на приходи е нерамномерна и е над годишниот план.



3. ТРАНСФЕРИ ОД ДРУГИ НИВОА НА ВЛАСТ И ПРЕНЕСЕНИ ПРИХОДИ ОД ПРЕТХОДНАТА ГОДИНА

Придонеси од корисници на пензии

Во 2012 година, приходите од корисници на пензии се остварени во вкупен износ од 4.798.842 илјади денари со индекс на остварување од 98.84 во однос на годишниот план.
Во структурата на вкупните остварени приходи во 2012 година, овие приходи учествуваат со 22,27%.
Овие приходи споредени со 2011 година (износ 4.524.345 илјада денари) бележат зголемување од 6%.

Остварените приходи од корисници на пензии во однос на планираните за истиот период се помали за 1,16%. Наплатата на придонесите од корисниците на пензии во текот на овој период од 2012 година е со рамномерна месечна уплата.

Придонеси за невработени лица

Во 2012 година, приходите од придонеси за невработени лица се остврени во вкупен износ од 190.456.676 денари и во однос на планот имаат процент на остварување од 97,67%.

Придонеси на корисници на права од социјална заштита и трансфери од Министерство за труд и социјална политика (породилни)

Овие приходи за 2012 година се остварени во вкупен износ од 1.529.552 илјади денари и во структурата на вкупните остварени приходи во 2012 година учествуваат со 7,1%.

Трансфери на Буџетот на РМ - Во 2012 година, од трансфери од Буџетот на РМ (заедно со програмите) се добиени средства во висина од 2.744.028 илјади денари Овие приходи во структурата на вкупно остварените приходи учествуваат со 12,73%.

Пренесени приходи од претходна година - Преставуваат нераспоредени средства затекнати на сметката на 31.12.2011 година во износ од 137.102 илјади денари, кои се пренесени како приход за наредна година.

Состојба на паричните средства на сметката на Фондот

На 31.12.2012 година состојбата на сметката и благајната изнесува 111.741 илјада денари.

ПРИХОДИ 2012 година		2011 година		2012 година				
сметка	**ОПИС**	**Остварено**	**струк-тура**	**Буџет 2012**	**Остварено**	**струк-тура**	**Индекс остварено /буџет**	**Индекс 2012/2011**
	ПРИХОДИ	**21.104.219.424**	100	**22.085.000.000**	**21.548.150.550**	100	97,57	102,10
712	Придонеси од плати	11.170.147.353	52,93	12.312.127.000	11.653.556.824	54,08	94,65	104,33
712213	Придонес за задолжително здравствено осигурување од бруто плати и надоместоци од плати на вработени кај правни лица	9.452.958.549	44,79	10.346.650.000	9.844.237.139	45,68	95,14	104,14
712215	Придонес за задолжително здравствено осигурување на лица кои вршат самостојна дејност	257.249.829	1,22	272.549.000	271.817.370	1,26	99,73	105,66
712216	Придонес за задолжително здравствено осигурување од бруто плати на вработени кај лица кои вршат самостојна дејност		0,00			0,00		
712221	Придонес за задолжително здравствено осигурување на лица кои се занимаваат со земјоделство, сточарство, живинарство, пчеларство или риболов	68.886.691	0,33	76.484.000	80.140.464	0,37	104,78	116,34
712222	Придонес за задолжително здравствено осигурување на други осигуреници	59.772.681	0,28	275.847.000	74.768.011	0,35	27,10	125,09
712211	Дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување во случај на повреда на работа и професионално заболување	682.170.173	3,23	690.597.000	702.141.344	3,26	101,67	102,93
712223	Придонес за здравствено осигурување за изминати години	649.109.430	3,08	650.000.000	680.452.496	3,16	104,68	104,83
	Други неданочни приходи	**609.225.666**	**2,89**	**450.000.000**	**494.613.316**	**2,30**	**109,91**	**81,19**
	Останати неданочни приходи	233.169.298	1,10	80.000.000	84.136.219	0,39	105,17	36,08
	Приходи од партиципација	329.022.443	1,56	300.000.000	335.912.043	1,56	111,97	102,09
	Приходи по конвенции	47.033.925	0,22	70.000.000	74.565.054	0,35	106,52	158,53
741	**Трансфери од други нивоа на власт**	**9.324.846.405**	**44,18**	**9.322.873.000**	**9.399.980.410**	**43,62**	**100,83**	**100,81**
741113	**Трансфери од буџетите на фондовите**	**5.310.291.966**	**25,16**	**5.195.873.000**	**5.135.878.794**	**23,83**	**98,85**	**96,72**
	Придонеси на корисници на пензии и парични надоместоци според прописите на пензиското и инвалидското осигурување	4.524.345.469	21,44	4.855.000.000	4.798.841.879	22,27	98,84	106,07
	Придонеси на невработените лица	662.717.110	3,14	195.000.000	190.456.676	0,88		28,74
	Придонеси на корисници на права од социјална заштита	123.229.387	0,58	145.873.000	146.580.239	0,68	100,48	118,95
741111	Тековни трансфери од мин. за здравство	307.485.674	1,46	1.963.000.000	2.091.394.687	9,71	106,54	680,16
741112	Трансфери од Буџет на РМ	3.584.926.672	16,99	2.164.000.000	2.035.605.313	9,45	94,07	56,78
741114	Пренесен вишок на приходи од претходната година	122.142.093	0,58		137.101.616	0,64		112,25

2 Расходи на Фондот

Остварени вкупни расходи

Во 2012 расходите се остварени во износ од 21.436.410 илјади денари, што претставува просечен месечен расход од 1.786.367 илјади денари.

Остварените расходи во 2012 година споредени со остварените расходи во 2011 година (износ 20.967.118 илјади денари) бележат зголемување од 2.24%.

Планирани расходи

Планираните вкупни расходи во 2012 година изнесуваат 22.085.000 илјади денари или просечно месечно 1.840.417 илјади денари. Во споредба со планираните за истиот период, остварените расходи се помали за 2.94%.

Вкупни расходи 2011/2012

Опис	остварено 2011 година	буџет 2012 година	Остварено 2012 година	% ост/план	% на остварување 2012/2011
Вкупен расход	20.967.117.807	22.085.000.000	21.436.409.510	97,06%	102,24%

Графички приказ на вкупни расходи 2011/2012




Движење на вкупните расходи во 2012 година (во илјада денари)

месец	план	остварено	% на остварување
јануари	1.840.416.667	1.599.420.767	86,91%
февруари	1.840.416.667	1.855.893.493	100,84%
март	1.840.416.667	1.795.160.850	97,54%
април	1.840.416.667	1.865.943.526	101,39%
мај	1.840.416.667	1.758.006.329	95,52%
јуни	1.840.416.667	1.671.101.995	90,80%
јули	1.840.416.667	1.717.132.685	93,30%
август	1.840.416.667	1.811.480.370	98,43%
септември	1.840.416.667	1.839.910.556	99,97%
октомври	1.840.416.667	1.840.169.539	99,99%
ноември	1.840.416.667	1.809.085.389	98,30%
декември	1.840.416.667	1.873.104.010	101,78%
вкупно	22.085.000.000	21.436.409.507	97,06%

Структура на расходите

Структурата на расходите ја сочинуваат:

1. Здравствена дејност и осигурување (97,68%)
2. Функционални расходи на Фондот (2,32%)



1.Здравствена дејност и осигурување

Во расходите за здравствена дејност и осигурување се вклучени:

- здравствени услуги и
- надоместоци

Расходи за здравствена дејност и осигурување 2011/2012

Опис	остварено 2011	2012 година			% 2012/2011
		планирано	Остварено	% на остварување во днос на планот	
➢ Здравствени услуги	18.198.641.033	19.189.000.000	18.936.540.342	98,68%	104,05%
➢ Надоместоци	2.299.732.281	2.380.000.000	2.002.934.411	84,16%	87,09%
Вкупно	**20.498.373.314**	**21.569.000.000**	**20.939.474.753**	**97,08%**	**102,15%**

Во структурата на вкупните расходи во 2012 година, најголемо учество имаат расходите за плаќање на здравствените услуги на осигурените лица со 88.34% или во вкупен износ од 18.936.540 илјади денари. Овие расходи во однос на годишниот план се остварени со 98.68%, додека споредени со 2011 бележат зголемување од 4.05%.

Во структурата на вкупните остварени расходи во 2012 година, надоместоците имаат учество од 9.34% и изнесуваат 2.002.934 илјади денари. Во однос на планот за истиот период, надоместоците се остварени со 84.16% а истите споредени со 2011 година се помалку остварени за 12.91%.

Динамиката на остварување на расходите за здравствена дејност и осигурување по месеци е нерамномерна и е под планот, со исклучок на м. февруари, април, септември, октомври и декември 2012 година.

Графички приказ на планираните и остварени расходи за здравствена дејност и осигурување во 2012 година



2. Расходи за функцијата на Фондот

Расходите за функцијата на Фондот ја сочинуваат:

- плати и надоместоци
- стоки и услуги
- субвенции и трансфери
- капитални расходи

Расходи за функцијата на Фондот во 2012 година


Опис	остварено 2011	2012 година			% 2012/2011
		планирано	остварено	% на остварување во однос на планот	
➢ **плати и надоместоци**	308.242.045	306.700.000	306.015.840	99,78%	99,28%
➢ **стоки и услуги**	131.888.382	131.994.658	123.076.438	93,24%	93,32%
➢ **субвенции и трансфери**	10.438.433	6.405.342	4.129.922	64,48%	39,56%
➢ **капитални расходи**	18.175.633	70.900.000	63.712.557	89,86%	350,54%
Вкупно	468.744.493	516.000.000	496.934.757	96,31%	106,01%

Во структурата на остварените вкупни расходи во 2012 година, расходите за функцијата на Фондот учествуваат со 2,32% или во вкупен износ од 496.935 илјади денари. Овие расходи во однос на планот за истиот период се помалку остварени за 3,7%, а споредени со 2011 година бележат зголемување од 6%.

Расходите за плати и надоместоци во структурата на вкупните остварени расходи учествуваат со 1,43% и имаат процент на остварување 99,78 % во однос на планот за истиот период.
Расходите за стоки и услуги во структурата на вкупните остварени расходи учествуваат со 0,57%, во однос на планот за истиот период се помалку остварени за 6,8% и бележат намалување од 6,7% во споредба со 2011 година.
Остварените капитални расходи во 2012 година имаат остварување од 89,86% и во однос на 2011 година зголемени се за 45.537 илјади денари.

Динамиката на остварување на овие расходи на Фондот е нерамномерна и под планот, со исклучок на м. јули и декември кога бележат најголемо остварување, што е во зависност од доспеаноста на обврските.

Графички приказ на планираните и остварени расходи за функцијата на Фондот во 2012 година



РАСХОДИ 2012 година		2011 година		2012 година				
сметка	ОПИС	Остварено	струк-тура	Буџет 2012	Остварено	струк-тура	Индекс остварено /буџет	Индекс 2012/2011
	РАСХОДИ	**20.967.117.807**	**100**	**22.085.000.000**	**21.436.409.510**	**100**	**97,06**	**102,24**
1	**ТЕКОВНИ РАСХОДИ**	**20.948.942.174**	**99,91**	**22.014.100.000**	**21.372.696.953**	**99,7**	**97,09**	**102,02**
40	**ПЛАТИ, НАЕМНИНИ И НАДОМЕСТОЦИ**	**308.242.045**	**1,47**	**306.700.000**	**306.015.840**	**1,43**	**99,78**	**99,28**
401	Основни плати и наемнини	223.509.373	1,07	222.000.000	221.803.845	1,03	99,91	99,24
402	Придонеси за социјално осигурување од работодавачите	82.573.463	0,39	82.700.000	81.969.078	0,38	99,12	99,27
404	Надоместоци	2.159.209	0,01	2.000.000	2.242.917	0,01	112,15	103,88
42	**СТОКИ И УСЛУГИ**	**18.330.676.207**	**87,43**	**19.322.000.000**	**19.060.578.774**	**88,92**	**98,65**	**103,98**
420	Патни и дневни расходи	4.601.764	0,02	5.900.000	4.087.919	0,02	69,29	88,83
421	Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт	55.986.273	0,27	59.144.658	59.385.092	0,28	100,41	106,07
423	Ситен инвентар, алат и други материјали за поправка	11.141.991	0,05	11.450.000	10.166.118	0,05	88,79	91,24
424	Поправка и тековно одржување	13.648.203	0,07	17.500.000	17.165.888	0,08	98,09	125,77
425	**Договорни услуги**	**18.239.856.128**	**86,99**	**19.221.000.000**	**18.963.451.261**	**88,46**	**98,66**	**103,97**
4251-3	Кирии, банкарски и осигурителни услуги, судски и правни услуги	31.458.768	0,15	17.000.000	12.183.964	**0,06**	**71,67**	**38,73**
4254	**Здравствени услуги**	**18.198.641.033**	**86,80**	**19.189.000.000**	**18.936.540.342**	**88,34**	**98,68**	**104,05**
4257-9	**Други договорни услуги**	**9.756.327**	**0,05**	**15.000.000**	**14.726.955**	**0,07**	**98,18**	**150,95**
426	**Други оперативни расходи**	**5.295.056**	**0,03**	**6.000.000**	**5.360.502**	**0,03**	**89,34**	**101,24**
464	**Трансфери**	**146.792**		**1.005.342**	**961.994**	**0,00**	**95,69**	**655,34**
45	**КАМАТНИ ПЛАЌАЊА**		**0,00**			**0,00**	**0,00**	
465	**Исплата по судски решенија**	**10.291.641**	**0,05**	**5.400.000**	**3.167.928**	**0,01**	**58,67**	
47	**ТЕКОВНИ ТРАНСФЕРИ И СУБВЕНЦИИ**	**2.299.732.281**	**10,97**	**2.380.000.000**	**2.002.934.411**	**9,34**	**84,16**	**87,09**
474	**Плаќање на надоместоци од Фондот за здравствено осигурување**	**2.299.732.281**	**10,97**	**2.380.000.000**	**2.002.934.411**	**9,34**	**84,16**	**87,09**
4741	Надомест за боледување	851.395.998	4,06	940.000.000	612.661.931	2,86	65,18	71,96
4742	Надомест за патни трошоци	14.953.644	0,07	60.000.000	15.047.046	0,07	25,08	100,62
4743	Надомест за породилно отсуство	1.433.382.639	6,84	1.380.000.000	1.375.225.434	6,42	99,65	95,94
4749	Други надоместоци за здравство	0	0,00			0,00		
48	**КАПИТАЛНИ РАСХОДИ**	**18.175.633**	**0,09**	**70.900.000**	**63.712.557**	**0,30**	**89,86**	**350,54**
480	**Купување на опрема и машини**	**13.420.018**	**0,06**	**47.450.000**	**46.469.285**	**0,22**	**97,93**	
481	**Градежни објекти**	**4.755.615**	**0,02**	**23.450.000**	**17.243.272**	**0,08**	**73,53**	**362,59**

ФЗОМ

ИЗВЕШТАЈ

на месечен надоместок од ФЗОМ до ЈЗУ-2012 година

Ред. бр	ЈЗУ	Вкупен договорен надоместок за 2012 година (Седница на УО од 27.12.2011, 30.01.2012, 23.02.2012 , 05.04.2012, 18.06.2012 , 01.10.2012, 22.11.2012, 07.12.2012 и 24.12.2012)	Одобрени средства за извршени здравствени услуги заклучно со 31.12.2012 година	% на одобрени средства за извршени здравствени услуги заклучно со 31.12..2012 година во однос на вкупниот договорен надоместок за 2012 година
1	2	3	4	5 (4/3)
1	Стоматолошки клинички центар	119.000.000	119.000.000	100,00%
2	Максилофацијална хирургија	24.625.071	24.625.071	100,00%
3	ЈЗУ Универзитетска клиника за радиологија	102.766.000	102.766.000	100,00%
4	ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија	642.709.686	642.709.686	100,00%
5	ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија	301.984.882	301.984.882	100,00%
6	ЈЗУ Универзитетска клиника за клиничка биохемија	36.877.052	36.877.052	100,00%
7	ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија	212.121.843	212.121.843	100,00%
8	ЈЗУ Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија	77.182.550	77.182.550	100,00%
9	ЈЗУ Универзитетска клиника за пулмологија и алергологија	59.591.689	59.591.689	100,00%
10	ЈЗУ Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања	87.902.243	87.902.243	100,00%
11	ЈЗУ Универзитетска клиника за ревматологија	71.989.265	71.989.265	100,00%
12	ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија	351.652.279	351.652.279	100,00%
13	ЈЗУ Универзитетска клиника за токсикологија	44.860.846	44.860.846	100,00%
14	ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести	296.623.961	296.623.961	100,00%
15	ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби	147.929.085	147.929.085	100,00%
16	ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматологија	34.000.002	34.000.002	100,00%
17	ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија	198.726.809	198.726.809	100,00%
18	ЈЗУ Универзитетска клиника за урологија	85.915.339	85.915.339	100,00%
19	ЈЗУ Универзитетска клиника за неврохирургија	106.870.792	106.870.792	100,00%
20	ЈЗУ Универзитетска клиника за дигестивна хирургија	136.825.700	136.825.700	100,00%
21	ЈЗУ Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија	95.965.480	95.965.480	100,00%
22	ЈЗУ Универзитетска клиника за пластична и реконструктивна хирургија	57.067.171	57.067.171	100,00%
23	ЈЗУ Универзитетска клиника за детска хирургија	64.999.999	64.999.999	100,00%
24	ЈЗУ Универзитетска клиника за уво, нос и грло	64.507.593	64.507.593	100,00%
25	ЈЗУ Универзитетска клиника за очни болести	51.908.934	51.908.934	100,00%
26	ЈЗУ Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство	373.403.203	373.403.203	100,00%
27	ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија	42.735.974	42.735.974	100,00%
28	ЈЗУ Завод за рехабилитација на слух, говор и глас	29.513.001	29.513.001	100,00%
29	ЈЗУ Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација и интензивно лекување и ургентен центар-Скопје	296.332.633	296.332.633	100,00%
30	Клиничка болница-Битола	545.477.720	545.477.720	100,00%
31	Општа болница-Гевгелија	101.433.975	101.433.975	100,00%
32	Општа болница-Гостивар	211.328.982	211.328.982	100,00%
33	Општа болница-Дебар	51.669.337	51.669.337	100,00%
34	Општа болница-Кавадарци	129.941.225	129.941.225	100,00%
35	Општа болница-Кичево	79.534.008	79.534.008	100,00%
36	Општа болница-Кочани	124.040.624	124.040.624	100,00%
37	Општа болница-Куманово	297.582.788	297.582.788	100,00%
38	Општа болница-Охрид	208.990.852	208.990.852	100,00%
39	Општа болница-Прилеп	293.594.041	293.594.041	100,00%
40	Општа болница-Струга	140.334.210	140.334.210	100,00%
41	Општа болница-Струмица	244.053.061	244.053.061	100,00%
42	Клиничка болница-Тетово	434.253.964	434.253.964	100,00%
43	Општа болница-Велес	204.525.617	204.525.617	100,00%
44	Клиничка болница-Штип	307.744.125	307.744.125	100,00%
45	Градска болница 8-ми септември-Скопје	479.201.397	479.201.397	100,00%
46	Клиника по хируршки болести-Св. Наум Охридски-Скопје	221.455.976	221.455.976	100,00%
47	Специјална болница по гинекологија и акушерство-Чаир-Скопје	104.932.601	104.932.601	100,00%
48	Институт по белодробни заболувања кај децата-Козле-Скопје	87.759.250	87.759.250	100,00%
49	Психијатриска болница-Скопје	185.963.660	185.963.660	100,00%
50	Психијатриска болница-Демир Хисар	127.022.719	127.022.719	100,00%
51	Психијатриска болница-Негорци	53.537.680	53.537.680	100,00%
52	Болница Јасеново-Велес	27.805.060	27.805.060	100,00%
53	Специјална болница за ортопедија и трауматологија Св. Еразмо-Охрид	124.158.857	124.158.857	100,00%
54	Институт за ТБЦ-Скопје	43.515.199	43.515.199	100,00%
55	Завод за медицинска рехабилитација-Скопје	63.335.954	63.335.954	100,00%

Ред. бр	ЈЗУ	Вкупен договорен надоместок за 2012 година (Седница на УО од 27.12.2011, 30.01.2012, 23.02.2012 , 05.04.2012, 18.06.2012 , 01.10.2012, 22.11.2012, 07.12.2012 и 24.12.2012)	Одобрени средства за извршени здравствени услуги заклучно со 31.12.2012 година	% на одобрени средства за извршени здравствени услуги заклучно со 31.12..2012 година во однос на вкупниот договорен надоместок за 2012 година
1	2	3	4	5 (4/3)
56	Завод за рехабилитација на слух, говор и глас-Битола	12.632.546	12.632.546	100,00%
57	Завод за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања-Охрид	94.648.025	94.648.025	100,00%
58	Завод за рехабилитација-Отешево	19.898.377	19.898.377	100,00%
59	Геронтолошки завод-Скопје	75.999.999	75.999.999	100,00%
60	Завод за нефрологија-Струга	200.848.919	200.848.919	100,00%
61	Специјална болница за ТБЦ Лешок-Тетово	19.700.000	19.700.000	100,00%
62	Здравствен дом-Битола	103.999.998	103.999.998	100,00%
63	Здравствен дом-Гевгелија	29.098.774	29.098.774	100,00%
64	Здравствен дом-Гостивар	68.500.000	68.500.000	100,00%
65	Здравствен дом-Дебар	17.000.002	17.000.002	100,00%
66	Здравствен дом-Кавадарци	32.198.206	32.198.206	100,00%
67	Здравствен дом-Кичево	32.723.809	32.723.809	100,00%
68	Здравствен дом-Кочани	25.997.248	25.997.248	100,00%
69	Здравствен дом-Крива Паланка	74.948.439	74.948.439	100,00%
70	Здравствен дом-Куманово	76.357.860	76.357.860	100,00%
71	Здравствен дом-Охрид	61.799.764	61.799.764	100,00%
72	Здравствен дом-Прилеп	102.000.000	102.000.000	100,00%
73	Здравствен дом-Струга	36.498.852	36.498.852	100,00%
74	Здравствен дом-Струмица	53.499.359	53.499.359	100,00%
75	Здравствен дом-Тетово	97.400.000	97.400.000	100,00%
76	Здравствен дом-Велес	55.934.454	55.934.454	100,00%
77	Здравствен дом-Штип	29.231.664	29.231.664	100,00%
78	Здравствен дом-Берово	22.253.002	22.253.002	100,00%
79	Здравствен дом-Македонски Брод	20.600.001	20.600.001	100,00%
80	Здравствен дом-Валандово	28.000.000	28.000.000	100,00%
81	Здравствен дом-Вевчани	27.994.102	27.994.102	100,00%
82	Здравствен дом-Виница	27.863.559	27.863.559	100,00%
83	Здравствен дом-Делчево	59.871.739	59.871.739	100,00%
84	Здравствен дом-Демир Хисар	22.799.195	22.799.195	100,00%
85	Здравствен дом-Кратово	21.398.077	21.398.077	100,00%
86	Здравствен дом-Крушево	18.995.474	18.995.474	100,00%
87	Здравствен дом-Неготино	46.000.000	46.000.000	100,00%
88	Здравствен дом-Пехчево	14.999.996	14.999.996	100,00%
89	Здравствен дом-Пробиштип	20.842.374	20.842.374	100,00%
90	Здравствен дом-Радовиш	33.494.427	33.494.427	100,00%
91	Здравствен дом-Ресен	44.994.499	44.994.499	100,00%
92	Здравствен дом-Ростуше	13.500.000	13.500.000	100,00%
93	Здравствен дом-Свети Николе	31.097.819	31.097.819	100,00%
94	Здравствен дом-Скопје	578.497.226	578.497.226	100,00%
95	Здравствен дом-Железничар	22.837.002	22.837.002	100,00%
96	Здравствена станица-Кирил и Методиј	5.583.590	5.583.590	100,00%
97	Здравствена станица-Железара	113.780.961	113.780.961	100,00%
98	Медицински факултет-Институти-Скопје	158.631.527	158.631.527	100,00%
99	Институит за трансфузиона медицина на РМ	303.382.366	303.382.366	100,00%
100	Институт за јавно здравје на Република Македонија	16.500.000	16.500.000	100,00%
101	Центар за јавно здравје-Битола	25.109.525	25.109.525	100,00%
102	Центар за јавно здравје-Велес	19.439.164	19.439.164	100,00%
103	Центар за јавно здравје-Кочани	15.056.165	15.056.165	100,00%
104	Центар за јавно здравје-Прилеп	22.365.574	22.365.574	100,00%
105	Центар за јавно здравје-Куманово	12.944.340	12.944.340	100,00%
106	Центар за јавно здравје-Скопје	32.254.654	32.254.654	100,00%
107	Центар за јавно здравје-Струмица	9.609.591	9.609.591	100,00%
108	Центар за јавно здравје-Тетово	17.740.000	17.740.000	100,00%
109	Центар за јавно здравје-Штип	13.036.304	13.036.304	100,00%
110	Центар за јавно здравје-Охрид	11.766.745	11.766.745	100,00%
111	Институт за медицина на трудот	19.679.566	19.679.566	100,00%
112	Здравствена станица-Липково	3.811.380	3.811.380	100,00%
	Вкупно ЈЗУ	**12.287.428.203**	**12.287.428.203**	**100,00%**

Финансиски податоци на ЈЗУ


Приходи на ЈЗУ

Приходите на ЈЗУ ги опфаќаат приходите наплатени од Фондот,средствата од програмите за здравствена заштита, сопствените приходи и донации. Приходите на ЈЗУ во 2012 година се остварени во износ од 14.564.652.423 денари.
Одобрениот износ на средства од Фондот во 2012 година изнесува 12.287.428.203 и во структурата на вкупните приходи учествува со 84,36%.
Сопствените приходи (во кои се вклучени и средствата од програмите за здравствена заштита) во 2012 година се остварени во вкупен износ од 2.230.671.645 денари и во структурата на вкупните приходи на ЈЗУ учествуваат со 15,32 % , а во однос на планираниот годишен износ имаат процент на остварување од 95%.
Приходите од донации на ЈЗУ во анализираниот период се остварени во вкупен износ од 46.552.575 денари, во однос на годишниот план имаат индекс на остварување од 62,2 и во структурата на вкупно остварените приходи имаат учество од 0,32%.


Структура на приходи во 2012 год во (000) денари

Приходи	остварено 2011 година	планирани приходи 2012 година	приходи 2012 година	% ост/план	% 2012/2011	% на учество во вкупните приходи 2012
Приходи од ФЗОМ	12.265.543	12.287.428	12.287.428	100,00%	100,18%	84,36%
Сопствени приходи	2.348.041	2.423.795	2.230.672	92,03%	95,00%	15,32%
Приходи од донации	30.301	74.850	46.553	62,20%	153,64%	0,32%
Вкупно	14.643.885	14.786.073	14.564.653	98,50%	99,46%	100,00%

Графички приказ на структурата на приходите на ЈЗУ во 2012 година



Графички приказ на приходите на ЈЗУ 2011/2012 година (во 000 денари)



Вкупно за сите ЈЗУ

ИЗВЕШТАЈ
за приходите на ЈЗУ во 2012 година

р.бр.	*Конто*	*Опис*	планиран годишен износ	остварени приходи во 2012 година	ост/план	% на учество во вкупните приходи
1	*2*	*3*	4	5	6 (5/4)	7
1		***Вкупно приходи (2+3+12):***	**14.786.072.809**	**14.564.650.843**	**98,50%**	**100,00%**
2		***Приходи од ФЗОМ:***	**12.287.428.203**	**12.287.428.203**	**100,00%**	**84,36%**
3		***Сопствени приходи (4-11):***	**2.423.794.494**	**2.230.670.065**	**92,03%**	**15,32%**
4	*717*	*Даноци на специфични услуги*				
5	*721*	*Претприемачки приход и приход од имот*	24.706.507	**23.922**		
6	*723*	*Такси и надоместоци*	1.197.655.912	**1.287.152.852**		
7	*724*	*Други владини услуги*	21.326.500	**567.889**		
8	*725*	*Други неданочни приходи*	809.778.056	**795.467.558**		
9	*731*	*Продажба на капитални средства*	19.501.356	**715.822**		
10	*741*	*Трансфери од други нивоа на власт*	350.826.163	**146.742.622**		
11	*771*	*Продажба на хартии од вредност*		**0**		
12		***Приходи од донации (13-18)***	**74.850.112**	**46.552.575**	**62,19%**	**0,32%**
13	*723*	*Такси и надоместоци*	0	**92.800**		
14	*725*	*Други неданочни приходи*	0	**5.405.930**		
15	*741*	*Трансфери од други нивоа на власт*	0	**9.968.254**		
16	*742*	*Донации од странство*	43.387.385	**16.249.023**		
17	*743*	*Капитални донации*	14.220.000	**4.540.000**		
18	*744*	*Тековни донации*	17.242.727	**10.296.569**		
		Салдо на 31.12.2011 година		293.139.335		
		Салдо на 31.12.2012 година		333.187.622		
		Број на вработени за кои е исплатена плата во м. декември 2012 година		19.410		

ЗАБЕЛЕШКА:

* Податоците за приходите од табелата се добиени од трезорот на ФЗОМ и доставениот месечен извештај на Медицински факултет

** Во вкупниот број на вработени во ЈЗУ за кои е исплатена плата вклучен е и наставниот кадар од клиниките вработени со по 20 часа во Медицински Факултет-Институти и волонтерите.

*** Во планираниот годишен износ на приходи не е вклучен годишниот план на приходи од сопствени средства и приходи од донации на Медицински факултет-Институти-Скопје

ПРЕГЛЕД

НА ПРИХОДИ ПО ВИДОВИ НА ЈЗУ ЗАКЛУЧНО СО 31.12.2012 ГОДИНА

р. бр.	Здравствена установа	планиран годишен износ во трезорот	видови приходи				индекс ост/план вкупни приходи	% на остварени/ планирани сопствени приходи	% на учество на одделните ЈУЗ во вкупните приходи
			Планиран износ на средства од ФЗОМ	сопствени приходи	приходи од донации	вкупно			
1	2	3	4	5	6	7 (4+5+6)	8 (7/3)	9	10
1	Стоматолошки клинички центар	175.212.620	119.000.000	44.376.262		163.376.262	93,24	79,36%	1,12%
2	Клиника за максилофацијална хирургија	30.638.897	24.625.071	4.427.631		29.052.702	94,82	76,44%	0,20%
3	ЈЗУ Универзитетска клиника за радиологија	149.833.270	102.766.000	41.672.117	0	144.438.117	96,40	89,76%	0,99%
4	ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија	687.128.343	642.709.686	35.550.763	4.340.625	682.601.074	99,34	83,26%	4,69%
5	ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија	345.552.036	301.984.882	39.887.900		341.872.782	98,94	92,76%	2,35%
6	ЈЗУ Универзитетска клиника за клиничка биохемија	91.184.526	36.877.052	55.824.779		92.701.831	101,66	104,35%	0,64%
7	ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија	228.276.030	212.121.843	9.365.398		221.487.241	97,03	78,04%	1,52%
8	ЈЗУ Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија	88.622.073	77.182.550	10.486.897		87.669.447	98,93	94,92%	0,60%
9	ЈЗУ Универзитетска клиника за пулмологија и алергологија	71.010.992	59.591.689	6.640.338	2.327.805	68.559.831	96,55	80,31%	0,47%
10	ЈЗУ Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања	99.081.042	87.902.243	5.110.232	181.600	93.194.075	94,06	55,98%	0,64%
11	ЈЗУ Универзитетска клиника за ревматологија	82.332.715	71.989.265	4.582.155		76.571.420	93,00	61,51%	0,53%
12	ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија	371.648.598	351.652.279	4.525.892	0	356.178.171	95,84	39,84%	2,45%
13	ЈЗУ Универзитетска клиника за токсикологија	49.583.555	44.860.846	2.677.420		47.538.266	95,88	59,17%	0,33%
14	ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести	316.720.528	296.623.961	15.277.279	1.102.127	313.003.367	98,83	82,14%	2,15%
15	ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби	177.834.554	147.929.085	13.022.449	10.694.870	171.646.404	96,52	70,77%	1,18%
16	ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматологија	39.987.496	34.000.002	4.694.221		38.694.223	96,77	86,83%	0,27%
17	ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија	217.120.742	198.726.809	6.802.233		205.529.042	94,66	39,35%	1,41%
18	ЈЗУ Универзитетска клиника за урологија	91.507.137	85.915.339	4.510.773	111.600	90.537.712	98,94	82,57%	0,62%
19	ЈЗУ Универзитетска клиника за неврохирургија	115.313.876	106.870.792	6.813.032	147.302	113.831.126	98,71	85,25%	0,78%
20	ЈЗУ Универзитетска клиника за дигестивна хирургија	153.926.369	136.825.700	8.470.792		145.296.492	94,39	49,83%	1,00%
21	ЈЗУ Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија	103.857.487	95.965.480	5.680.315		101.645.795	97,87	72,09%	0,70%
22	ЈЗУ Универзитетска клиника за пластична и реконструктивна хирургија	69.293.962	57.067.171	5.908.512	153.197	63.128.880	91,10	52,70%	0,43%
23	ЈЗУ Универзитетска клиника за детска хирургија	72.723.019	64.999.999	3.449.148	720.000	69.169.147	95,11	53,71%	0,47%
24	ЈЗУ Универзитетска клиника за уво, нос и грло	81.729.610	64.507.593	9.545.167	70.000	74.122.760	90,69	65,87%	0,51%
25	ЈЗУ Универзитетска клиника за очни болести	63.945.810	51.908.934	8.584.279		60.493.213	94,60	71,36%	0,42%
26	ЈЗУ Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство	432.397.146	373.403.203	28.952.371	0	402.355.574	93,05	58,39%	2,76%
27	ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија	54.063.876	42.735.974	6.454.006	2.016.863	51.206.842	94,72	71,41%	0,35%
28	ЈЗУ Завод за рехабилитација на слух, говор и глас-Скопје	32.147.388	29.513.001	1.278.685		30.791.686	95,78	70,40%	0,21%
29	Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски лекување, анестезија, реанимација и интензивно лекување и ургентен центар-Скопје	366.703.852	296.332.633	62.917.531		359.250.164	97,97	90,00%	2,47%
30	Клиничка болница-Битола	610.523.731	545.477.720	55.327.375	5.046.017	605.851.111	99,23	92,21%	4,16%
31	Општа болница-Гевгелија	113.608.184	101.433.975	12.329.253	0	113.763.228	100,14	108,23%	0,78%
32	Општа болница-Гостивар	244.893.101	211.328.982	34.723.494		246.052.476	100,47	103,45%	1,69%
33	Општа болница-Дебар	62.323.288	51.669.337	5.729.380	0	57.398.717	92,10	54,23%	0,39%
34	Општа болница-Кавадарци	143.573.907	129.941.225	13.232.354	1	143.173.579	99,72	101,93%	0,98%
35	Општа болница-Кичево	90.609.408	79.534.008	10.334.822		89.868.830	99,18	93,95%	0,62%
36	Општа болница-Кочани	141.522.244	124.040.624	13.928.249	25.000	137.993.873	97,51	88,96%	0,95%
37	Општа болница-Куманово	339.904.010	297.582.788	36.373.944		333.956.732	98,25	86,14%	2,29%
38	Општа болница-Охрид	239.957.289	208.990.852	27.170.759		236.161.611	98,42	87,75%	1,62%

р. бр.	Здравствена установа	планиран годишен износ во трезорот	видови приходи				индекс ост/план вкупни приходи	% на остварени/ планирани сопствени приходи	% на учество на одделните ЈУЗ во вкупните приходи
			Планиран износ на средства од ФЗОМ	сопствени приходи	приходи од донации	вкупно			
1	2	3	4	5	6	7 (4+5+6)	8 (7/3)	9	10
39	Општа болница-Прилеп	334.894.200	293.594.041	35.225.479	0	328.819.520	98,19	97,04%	2,26%
40	Општа болница-Струга	164.055.303	140.334.210	17.814.465		158.148.675	96,40	75,17%	1,09%
41	Општа болница-Струмица	276.863.529	244.053.061	31.968.595	16.990	276.038.646	99,70	98,03%	1,90%
42	Клиничка болница-Тетово	507.893.802	434.253.964	55.374.278		489.628.242	96,40	79,11%	3,36%
43	Општа болница-Велес	231.341.397	204.525.617	22.445.664	132.000	227.103.281	98,17	84,13%	1,56%
44	Клиничка болница-Штип	342.313.797	307.744.125	28.129.148	54.800	335.928.073	98,13	82,73%	2,31%
45	Градска општа болница 8-ми септември	569.296.081	479.201.397	68.255.351	635.450	548.092.198	96,28	85,32%	3,76%
46	Клиника по хируршки болести-Св. Наум Охридски-Скопје	245.828.208	221.455.976	22.092.680	409.135	243.957.791	99,24	92,05%	1,67%
47	Специјална болница по гинекологија и акушерство-Чаир-Скопје	114.517.405	104.932.601	8.639.323		113.571.924	99,17	90,17%	0,78%
48	Институт по белодробни заболувања кај децата-Козле-Скопје	105.332.762	87.759.250	7.802.148	904.050	96.465.448	91,58	55,73%	0,66%
49	Психијатриска болница-Скопје	200.576.255	185.963.660	11.788.131	0	197.751.791	98,59	81,08%	1,36%
50	Психијатриска болница-Демир Хисар	144.699.348	127.022.719	15.359.735		142.382.454	98,40	89,53%	0,98%
51	Психијатриска болница-Негорци	61.439.765	53.537.680	8.801.038	0	62.338.718	101,46	144,99%	0,43%
52	Специјална болница за белодробни заболувања и туберкулоза-Јасеново-Велес	35.014.755	27.805.060	3.611.610		31.416.670	89,72	90,49%	0,22%
53	Специјална болница за ортопедија и трауматологија Св. Еразмо-Охрид	212.873.857	124.158.857	59.743.541	0	183.902.398	86,39	75,13%	1,26%
54	Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје	57.746.389	43.515.199	6.645.472	9.845.639	60.006.310	103,91	96,17%	0,41%
55	Завод за физикална медицина и рехабилитација-Скопје	77.938.541	63.335.954	12.236.098		75.572.052	96,96	95,85%	0,52%
56	Завод за рехабилитација на слух, говор и глас-Битола	12.920.280	12.632.546	56.411		12.688.957	98,21	108,48%	0,09%
57	Завод за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања-Охрид	116.937.844	94.648.025	14.998.370		109.646.395	93,76	75,60%	0,75%
58	Завод за превенција, лекување и рехабилитација на хронични, респираторни, неспецифични и алергиски заболувања-Отешево	23.347.501	19.898.377	2.770.764		22.669.141	97,09	81,49%	0,16%
59	Геронтолошки завод-Скопје	163.957.328	75.999.999	81.138.213		157.138.212	95,84	92,28%	1,08%
60	Завод за нефрологија-Струга	225.868.377	200.848.919	17.718.086		218.567.005	96,77	70,87%	1,50%
61	Специјална болница за белодробни заболувања и туберкулоза- Лешок-Тетово	25.140.196	19.700.000	1.663.994		21.363.994	84,98	84,47%	0,15%
62	Здравствен дом-Битола	131.988.002	103.999.998	19.416.152		123.416.150	93,51	69,55%	0,85%
63	Здравствен дом-Гевгелија	41.139.142	29.098.774	6.458.381	2.393.168	37.950.322	92,25	94,98%	0,26%
64	Здравствен дом-Гостивар	81.501.378	68.500.000	11.530.895		80.030.895	98,20	88,70%	0,55%
65	Здравствен дом-Дебар	19.606.365	17.000.002	1.876.308		18.876.310	96,28	97,72%	0,13%
66	Здравствен дом-Кавадарци	38.019.083	32.198.206	4.977.701	520.000	37.695.907	99,15	98,14%	0,26%
67	Здравствен дом-Кичево	38.390.987	32.723.809	4.969.287		37.693.096	98,18	97,11%	0,26%
68	Здравствен дом-Кочани	33.618.674	25.997.248	2.439.493		28.436.741	84,59	36,41%	0,20%
69	Здравствен дом-Крива Паланка	82.109.749	74.948.439	6.781.884		81.730.323	99,54	95,20%	0,56%
70	Здравствен дом-Куманово	95.223.869	76.357.860	19.750.007		96.107.867	100,93	107,62%	0,66%
71	Здравствен дом-Охрид	69.488.727	61.799.764	6.509.839		68.309.603	98,30	84,76%	0,47%
72	Здравствен дом-Прилеп	123.748.762	102.000.000	16.066.082	0	118.066.082	95,41	95,07%	0,81%
73	Здравствен дом-Струга	41.498.973	36.498.852	2.816.910		39.315.762	94,74	56,34%	0,27%
74	Здравствен дом-Струмица	61.178.401	53.499.359	5.704.538	0	59.203.897	96,77	74,96%	0,41%
75	Здравствен дом-Тетово	111.177.164	97.400.000	9.842.457		107.242.457	96,46	80,08%	0,74%
76	Здравствен дом-Велес	68.180.783	55.934.454	10.045.381		65.979.835	96,77	82,34%	0,45%
77	Здравствен дом-Штип	48.129.078	29.231.664	14.157.245		43.388.909	90,15	82,46%	0,30%
78	Здравствен дом-Берово	26.583.535	22.253.002	4.025.869		26.278.871	98,85	94,56%	0,18%
79	Здравствен дом-Македонски Брод	22.796.446	20.600.001	2.098.045		22.698.046	99,57	95,80%	0,16%
80	Здравствен дом-Валандово	32.788.014	28.000.000	4.452.003	300.000	32.752.003	99,89	99,25%	0,22%
81	Здравствен дом-Вевчани	32.575.937	27.994.102	3.258.272		31.252.374	95,94	71,52%	0,21%
82	Здравствен дом-Виница	34.712.746	27.863.559	4.556.344		32.419.903	93,39	69,28%	0,22%
83	Здравствен дом-Делчево	68.714.901	59.871.739	7.848.336		67.720.075	98,55	93,43%	0,46%
84	Здравствен дом-Демир Хисар	26.106.770	22.799.195	2.618.579		25.417.774	97,36	79,35%	0,17%
85	Здравствен дом-Кратово	23.960.312	21.398.077	2.333.436		23.731.513	99,05	93,35%	0,16%
86	Здравствен дом-Крушево	21.720.376	18.995.474	2.216.827		21.212.301	97,66	81,50%	0,15%
87	Здравствен дом-Неготино	54.450.000	46.000.000	6.058.435		52.058.435	95,61	71,70%	0,36%
88	Здравствен дом-Пехчево	17.051.004	14.999.996	2.098.028		17.098.024	100,28	102,29%	0,12%

р. бр.	Здравствена установа	планиран годишен износ во трезорот	видови приходи				индекс ост/план вкупни приходи	% на остварени/ планирани сопствени приходи	% на учество на одделните ЈУЗ во вкупните приходи
			Планиран износ на средства од ФЗОМ	сопствени приходи	приходи од донации	вкупно			
1	2	3	4	5	6	7 (4+5+6)	8 (7/3)	9	10
89	Здравствен дом-Пробиштип	24.601.611	20.842.374	3.803.280		24.645.654	100,18	101,29%	0,17%
90	Здравствен дом-Радовиш	44.395.574	33.494.427	7.564.272	3.000.000	44.058.699	99,24	96,44%	0,30%
91	Здравствен дом-Ресен	59.452.171	44.994.499	10.069.044	0	55.063.543	92,62	89,90%	0,38%
92	Здравствен дом-Ростуше	16.592.677	13.500.000	2.417.426		15.917.426	95,93	78,49%	0,11%
